# plagij



## Операција Фронт ет Бит-Фест Битола

18.07.2006

Во Битола летово се случуваат фантастични работи! Битолчани покажуваат дека се двигател на културата во Р.Македонија. Пред скоро не заборавениот Бит-Фест настапија легендите Јером од Љубљана на гледалиштето на Заводот и музеј во Битола. Следуваат Мизар на 23.07. во Хераклеа. И не само музика, слобода и Операција Фронт. Интернационален проект во кој учество земаат и здруженија, друштва од екс-југословенските простори.

Како што информира центарот за уметности МУЛТИМЕДИЈА во периодот од 10.07 до 27.07.2006 во Битола во соработка со Службата за младинска [illegible] „POMOC" од Птуј, Словенија ја започнува имплементацијата на проектот "Операција Фронт", прва фаза од двегодишниот проект „Креативноста ја поттикнува активната партиципација". „Операцијата Фронт" е дизајнирана како едно-месечна интензивна, едукативна и креативна тренинг програма од областа на уличната анимација во која се вклучуваат 50 млади луѓе од 4 земји (Македонија, Словенија, Србија и Хрватска). Проектот ги потенцира капацитетот на уличната анимација како корисна алатка за работа со млади, нудејќи стимулација за нивно креативно изразување и активно учество во процесите на заедницата во која живеат.

Концептот на уличната анимација опфаќа различни аспекти во различните средини во кои ќе се организира тренингот и секако, планираниот тренинг во Битола се надоврзува кон следните тренинг програми.

**музичка работилница**:
лидери: Пеце Трајковски и Бранислав Николов/Македонија;
**фото-мапирање на заедницата**:
лидери – Мел Кејс-Кинг Фимоа и Ѓорѓи Димитров/Македонија;
**видео инсталација**:
лидери – Ана Тасиќ/ Србија и Александар Грозданоски/ Македонија;
**перформанс-мапирање**:
лидери – Цицу Сиву В. Бојчанија и Београд Керами/ Македонија.

Главната цел на овој проект е да се изгради платформа каде младите генерации преку интеркултурална комуникација ќе добијат можност за персонално и професионално зајакнување.

Програмата ја следи динамиката на локалните заедници и преку уметноста ќе реагира и критички ќе се осврне кон проблемите, релевантни во секојдневието на Битола. Работните групи ќе се спроведуваат на отворени, јавни простори и на тој начин директно ќе се истражуваат проблемите, предностите или спецификите на Битола. Создадениот материјал уметнички ќе се артикулира во периодот 25-30 јули во повеќе јавни простори во градот, како: Дом на култура, Безистен, Саат Кула, Широк Сокак, Градски Плоштад.

Во склоп на предвидената програма концепирана е OFF програма која вклучува претставување на активностите на организациите-партнери и промоција на дела од млади уметници од овие земји, и истите ќе бидат отворени за посета од страна на граѓаните на Битола. Во проектот се вклучени следните организации од регионот: „Slaja" (Хрватска), „Локација" (Србија), Центар за новомедиумски уметности „Контимедија" (Македонија) и Друштво за ликовна уметност POVOD (Словенија).

any comment on? ..back